К. ПЕТРОВ

# ЗА РИМСКИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО ПАРИЗ

Интересирањето за споменици воопшто е различно по интензитет според времето на кое му припаѓале и во тоа особена улога има предзнаењето што доминатно го насочува вниманието токму кон спомениците од определена епоха.

За Париз без двоумење може да се рече дека досега објавената обемна литература влијаела да се формира предзнаењето кое упатува што треба да се види како најважно, и тоа влијание продолжува со постојано новите патописи што настојуваат на исти, иако многубројни споменици. И затоа кога еден посетител тргнува да ги запознае спомeничките вредности на Париз, тогаш меѓу големиот број знаменитости ќе ги одбере оние, најпознатите.

Иако најмлад споменик довршен во 1919 година и речиси без историја, црквата Сакре Кер побудува несмалено интересирање кај секој посетител со високата бела доминанта на врвот на Монмартр. Меѓу малку постарите споменици од XVIII—XIX век, посетителот нема да ја превиди архитектонската хармоничност на Пантеон, грандиозноста на Триумфалната Арка на Етоал и класичните линии на периптерните колонади на црквата Мадлен.

Меѓу уште постарите споменици на XVI—XVII век посетителот ќе му се одушевува на големиот Лувр, на складната диспозиција на Пале Роајал, на Пале ди Ликсанбур; ќе им се чуди на почетоците на урбанистичката замисла на Плас д' Вож или на подоцниот Плас Вандом, со и сега уште современа архитектонска естетика.

Нема сомневање дека еден таков посетител најмногу внимание ќе им посвети на уште постарите споменици: на готичката декоративна пластика и витраите на Нотр Дам, на витраите на Сент Шапел и на архитектониката на црквата Сен Жермен де Пре.

Меѓутоа, не само што готичките споменици не се најстарите во Париз, туку ни спомeничката историја на градот не почнува од готиката наваму, бидејќи Париз има споменици и споменички траги од далеку постари периоди.

Според познати наводи, уште во предримско време, рибари и бродари го одбрале поголемиот од двата острова во завојот на Сена, за да ги постават своите колиби. Така почнала Лутеција, чиешто име, на келтски, означувало населба среде вода. Подоцната римска населба Лутеција настанала во времето меѓу I век пред н.е. и III век од н.е. на левиот брег на Сена, кај денешниот Картие

Латен*, потоа на поголемиот сенски остров Ил д' ла Сите и на десниот брег на Сена, само до денешната улица Д'Риволи.

На овој средишен простор, во типична римска урбанистичка диспозиција, се наоѓале главните јавни градби и куќи за живеење. Според наводите, форумот и еден храм се наоѓале на местото меѓу булеварот Сен Мишел и улиците Суфло, Дез-екол и Сен Жак, речиси сосем до денешниот јужен периферен раб на Сорбона. Се разбира дека сиот овој простор денес е покриен со два изградени улични блока и трагите од форумските и соседните градби се во слоевите под современите згради. На просторот каде што денес се наоѓа лицејот Сен Луи, на аголот на булеварот Сен Мишел и улицата Расин, бил некогаш антички римски театар. И овде, се разбира, просторот на театарот е покриен со градби и трагите на супструкциите се веројатно уште подземи. Понатаму, според наводите, во овој ист кварт постоеле т.н. големи терми, меѓу улиците Тенар, Сомерар, Карм и Дезекол, односно — еден блок посеверно од денешната зграда на Колеж д' Франс. Други мали терми се наоѓале појугозападно, на аголот на булеварот Сен Мишел и улицата Суфло, со веројатни траги под денешните градби на тоа место.

Квартот на вилите на богатите Римјани бил на местото каде што денес се наоѓаат палатата и паркот Ликсанбур, западно од некогашниот римски форум на Париз и западно од денешниот булевар Сен Мишел. Гробиштата се наоѓале јужно од римскиот форумски центар на Париз, меѓу денешната црква Вал д' Грас и Опсерваторијата. Само малку позападно денес се наоѓаат гробиштата Монпарнас. Познато е, натаму, дека термите и палатите се снабдувале со вода од еден аквадукт, долг 15 километри, што водел од Аркеј.

Особено интересен е наводот дека поголемиот остров на Сена, денешниот Ил д' ла Сите бил наполно изграден и на него се наоѓале и две значајни згради. На западниот крај на островот, на местото на западните крила на некогашната Консиержери и сегашната Палата на правдата, била палатата на римскиот гувернер. Ова место, по римските гувернери, го задржале и првите капетинзи и во таа традиција местото продолжило да биде значајно, особено откога во XIII столетие Луј Свети изградил тука палата и црква Сент Шапел. Нивото на островот е подоцна дигнато за шест метри, а некогаш и целиот остров и бреговите на Сена биле ниски како паркчето Сквер ди вер галан, на западниот крај на островот.

На местото од источниот крај на Ил д' ла Сите се издигал некогаш Јупитеров храм. Тука, потоа, бил гало-римски храм, уште подоцна — христијанска базилика, а по неа романична црква, што во XII век била заменета со новоизградената катедрала Нотр Дам.

---

* Ова име Латинскиот кварт го добил поради тоа што тука бил Универзитетот и живеалиштата на студентите и професорите, кои сè до 1789 година на Универзитетот, па често и во секојдневниот живот, употребувале латински јазик.

Наблизу, во улицата Д' ла Коломб, се откриени траги од гало-римските бедеми, та не е исклучена веројатноста под сегашната катедрала да има можни траги од постари градби.

Познато е, натаму, дека на врвот на денешниот Монмартр, во римско време, постоел храм посветен на Меркур, чиешто име го носел и ридот. Дури во VIII век се појавила легенда за декапитирањето на првиот париски епископ Сен Дени и оттогаш наваму ридот бил наречен Монс Мартирис, подоцна Мон д' Мартир, што во текот на времето се трансформирало во Монмартр.

Се разбира, освен овие споменати градби, има секако и многубројни други чиишто траги не е можно да се следат под изградените палати, од кои некои веќе имаат и историска вредност. Но затоа, пак, во Париз постојат две значајни римски градби чиишто останки можат да се видат речиси сосем откриени и конзервирани. Едната од нив е Палатата на термите, делумно покрај и делумно вклучена во Отел д' Клини — сегашниот музеј.

Историјата на оваа римска палата не е позната, но има извесни податоци од настанувањето и траењето што заслужуваат внимание. Се смета, според наводите, дека оваа голема зграда била подигната околу 200 година, за намена што не е доволно изјаснета. Палатата била опустошена и запалена од Варварите околу 280 година, кога биле уништени и другите градби на римскиот Париз. Последните ископувања дозволија да се разбере основата на бањата во оваа палата. Најдобро зачуван нејзин дел е фригидариумот — сала за ладно капење, со димензии 20 × 11 м и со височина 18 м. Нејзините ѕидови, дебели 2 м, се градени од мали камења нивелирани со серклажи од тули. Овде е од значење и најстарата скулптура во Париз — пиластрите, што париските бродари му ги посветиле на императорот Тибериј. Крај фиригидариумот се делови од термите што се вклучени во Отел д' Клини и во музејската експозиција, а има и добро конзервирани делови од изби и темелни конструкции од камен и тули, западно од музејот кон булеварот Сен Мишел.

Вториот значаен градежен споменик на римскиот Париз, Орен д'Литес, е откриен на просторот меѓу улиците Монж, Д' Навар и Дез-Арен, крај Политехничкото училиште и Градината на Платаните. Во 1869 година, при работите изведувани на улицата Монж, биле откриени траги од арената, но на тоа место не му било посветено никакво внимание и теренот бил насипан и отстапен на Компанијата за омнибуси, што овде направила депо. Подоцна грешката била согледана и, во 1883 година, местото го откупил Градскиот сенат, кога се преземени и систематски ископувања. Арената е сега расчистена и реставрирана, а скверот Капитан, уреден во 1890 година, го прошири просторот зад сцената.

За историјата на градењето и траењето на овој споменик има сосем скудни податоци. Не е познато времето кога е изградена арената, но, како и другите, таа е разурната од варварската инвазија околу 280 година. Арената, потоа, долго служела за вадење

бесплатен камен, како од каменолом, но овде и убаво обработен. Подоцна ерозивна земја ја покрила арената и споменот за неа бил заборавен. Градбата има комбинирана конструкција на театар и на арена и служена за игри и за драмски претстави. На кружниот простор, што одговара на арена, се одвивале борби на гладијатори и животни, а на проскенионот, што одговара на сцената на антички театар, се изведувале комедии.

Арената е сега од три страни заградена со пошумен и малку надигнат парк до нивото на проскенионот и на сегашните седишта, а само од едната страна се згради на улицата Монж. Арената некогаш имала, на западната полукружна страна, 36 редови скалести седишта, некои од нив со инцизирани имиња на гледачите што биле спомениции. Во реконструкцијата, наместо некои редови од седиштата што исчезнале, биле поставени тревести падинки, а делумно била изведена реконструкција и со камени седишта. На двете страни од овие редови седишта се двата пародоса — ходници низ кои влегувала и излегувала публиката. Се претпоставува дека едно големо платниште, како во римскиот Колосеум или во други арени, можело да ги заштити гледачите од сонце и од дожд. Водата што се збирала од дождот кога театарот не бил покриен била одведувана со канал, што е изнајден.

Ѕидот околу арената не е зачуван, но затоа пак на источната страна е зачувана платформата на проскенионот и 9-те ниши што служеле како ложи за артистите. Исто така, делумно е зачуван и ѕидот зад нишите, што служел како декоративна кулиса. Според останките од оваа арена, особено според кружната оркестра, може да се заклучи дека во нејзината градежна концепција влегле компоненти од типот на римскиот Колосеум или арените во Ним, Арл, Пула и другаде. Од друга страна, според проскенионот и скене, може да се заклучи дека типски многу се доближува до Стопскиот, Скупискиот и до другите театри.

Денес овој споменик трае во еден нов амбиент и е очигледно дека нема многу заинтересирани за неговата споменичка вредност Но монументалноста на арената се чувствува и од самите останки и секој макар и случаен посетител го доживува ова здание, старо речиси 1 800 години, како дело на време што одамна одминало заедно со луѓето.